СОВЕТНИК

м-р Емил Петрушев, дипломиран инженер геолог
*emil.petrusev@geol.gov.mk*

Роден во Штип во 1961 година, оженет.

Во 1992 година дипломира на Рударско-геолошки факултет во Штип, геолошки одсек при Универзитетот Св. Кирил и Методи, Скопје и стекнува стручен назив дипломиран инженер геолог а во јуни 2013 година магистрира на Факултетот за Природни и Технички Науки на Универзитетот Гоце Делчев и се стекнува со титулата магистер по геологија и геофизика.

Од 1992 година до 1995 година работи во Институтот за истражување на минерални суровини "Геоинститут" – Скопје (фирма од поранешниот Геолошки завод-Скопје).

Од 1995 година до 1999 година работи во Лабораторија на АД Гранит.

Од 1999 па до 2001 година работи во Претпријатието за геолошки, хидрогеолошки и инженерскогеолошки истражувања "Геохидропроект" - Скопје (фирма од поранешниот Геолошки завод-Скопје).

Од 2001 до 2004 година работи во Геохидроинженеринг ДОО Скопје.

Од 2004 година до 2007 година работи во ГЕИНГ Кребс унд Кифер интернешнл и др. ДОО Скопје (www.geing.com.mk)

Од 2007 до 2013 година работи во ГЕОЛОГИНГ ДОО Скопје (www.geologing.com.mk) обавувајќи ги функциите управител на компанијата и геолошки инжинер.

Од 2013 година е вработен во Геолошки завод на Република Македонија (www.geol.gov.mk) како советник за геолошки истражувања во Одделението за геолошки карти и ГИС обавувајки ги функциите од делокруг на одделението и самостојно извршување на најсложени работи и задачи од областа на геолошките истражувања.

Во текот на 23-годишната работа во геологијата работи на проектирање, консалтинг и изведување на основни геолошки и детални геолошки, инженерскогеолошки и хидрогеолошки истражувања и испитувања за изнаоѓање на енергетски, метлични, неметлични минерални суровини, подземни води и природни гасови (води за пиење, минерални, термални и термоминерални води), геотермална енергија, изработка на основни геолошки и други карти на Р. Македонија, потоа во изготвување на студии, анализи, ревизии, проекти, елаборати, извештаи и друга техничка документација од областа на геологијата.

Автор е на многубројни проекти (преку 250) и неколку публицирани стручни и научни трудови од областа на геологијата на територија на Р. Македонија.